НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е установа чија основна дејност е заштитата на спомениците на културата и музејската дејност. Во рамките на основната дејност се и следните работи во надлежност на НУ Завод и Музеј - Прилеп.

-ги разгледува сите прашања од областа на заштита на спомениците на културата, предлага донесување на прописи и превзема мерки во врска со заштитата на спомениците на културата во рамките на својата надлежност;

-проучува, истражува и со научни методи обработува прашања кои се од областа на заштита на спомениците на културата;

-води регистри на спомениците на култура;

-води стручна евиденција и документација за спомениците;

-изработува студии, елаборати, анализи и други материјали поврзани со заштитата на спомениците на културата;

-изработува проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;

-врши вештачења, надзор, ревизија и други работи од областа на заштитата на спомениците на културата;

-донесува решенија за утврдување и губење на својството споменик на културата како и други поединечни управни акти во прв степен согласно законот;

-учествува во управни постапки што ги водат други надлежни органи;

-врши непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата и реставрацијата на спомениците на културата и на спроведувањето на техничко - заштитните и други мерки за заштита на спомениците на културата;

-издава публикации од областа на заштита на спомениците на културата и пропаганден материјал за спомениците;

-врши и други стручни работи во областа на заштитата на спомениците на културата, што му е ставено во надлежност со закон;

-систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;

-организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви и други видови на презентации заради подобро запознавање на граѓаните со музејските збирки;

-обезбедува услови за користење и научно-стручно прочување на музејскиот материјал;

-води влезна книга, инвентарна книга, картотека на музејскиот материјал и друг вид на евиденција и документација;

-врши ревизија на музејскиот материјал;

-издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг вид пропаганден материјал;

-врши и други работи во областа на музејската дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај основната врши и дополнителна дејност и тоа:

-Галериска дејност, односно организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност;

-Издавачка дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп во согласност со Статутот, своите задачи ги остварува преку организациони единици (сектори) кои се состојат од одделенија и преку истите, стручните лица во согласност со Правилникот за организација на работата ја вршат својата дејност.

За 2008 година НУ Завод и Музеј - Прилеп пред Министерството за култура на Република Македонија конкурираше со 60 проекти од кои 28 беа финансирани.

Напоредно со реализацијата на проектите се работеше и на Програмите за ревалоризација на недвижното и движното културно наследство која програма беше во целост финансирана од страна на Министерството за култура.

Покрај тоа реализирани се уште многу проекти како вонпрограмски активности, а беа извршени и бројни увиди на поголем број споменици на културата, археолошки локалитети како и други објекти во Прилеп, неговата околина и Крушево.

## I. Заштита и користење на недвижното културно богатство

### 1. Ревалоризација на недвижно културно наслество

Врз основа на Законот за заштита на културното наследство, Управата за заштита на културното наследство, изготви Програма со која во текот на 2006, 2007 и 2008 г. треба да се ревалоризира недвижното културно наследство, а додека пак во текот на 2007 година да се ревалоризираат и збирките на движните споменици на културата.

Министерството за култура оваа година во целост ја финансираше програмата за ревалоризација на недвижно и движно културно наследство.

Во текот на 2008 година беа изработени следните елаборати за ревалоризација на споменици на културата:

1. Могилата на непобедените во Прилеп;
2. Куќата во која е прогласена Крушевската република (Музеј на Илинденското востание), Крушево;
3. Црквата св. Јован, Крушево;
4. Црквата св. Никола, манастир Слепче;
5. Саат Кула во Прилеп;
6. Работилницата за оружје за време на Илинденското востание во Крушево;
7. Иконостасот, владичкиот трон и амвонот во црквата св.Благовештение во Прилеп;
8. Галеријата "Никола Мартиноски" во Крушево.

### 2. Ревалоризација на движно културно наследство

Врз основа на Законот за заштита на културното наследство, во текот на 2008 година, направени се елаборати за ревалоризација на движните културни добра односно збирките на наоди сместени во депоата на НУ Завод и Музеј - Прилеп, по одделенија и тоа:

Одделение за историја на уметност

1. Збирка графички листови 18-19 век.

Одделение за археологија

1. Збирка предмети од античкото одделение;
2. Камена пластика и епиграфски споменици од античкото одделение.

Одделение за историја

1. Збирка на оружје и воена опрема од Илинденскиот период;
2. Збирка историски предмети од преродбенскиот и илинденскиот период;
3. Збирка на оружје и воена опрема од периодот меѓу двете светски војни и НОВ;
4. Збирка историски предмети од периодот меѓу двете светски војни и НОВ;
5. Фотографии од Илинденскиот период, периодот меѓу двете светски војни и НОВ и повоениот период-изградба.

Одделение за конзервација

1. Конзервација и реконзервација на предмети предвидени за постојаната археолошка поставка.

**3. Конзерваторско-реставраторски работи-Архитектура**

1. Изработка на Проект за санација на Музејот на Илинденското востание во Крушево

При увидот на Музејот на Илинденското востание во Крушево се констатира потребата да се изврши препокривање на истиот. За таа цел според постоечката правна регулатива се изработи Програма за конзерваторски истражувања. Програмата е во согласност со методологијата за изработка на конзерваторски проекти па според тоа содржи дескриптивна, техничка и фото документација.

Имајќи го во предвид фактот дека за овој споменик веќе е направен елаборат за ревалоризација еден дел од податоците се користени во изработката на Програмата за санација. Истата е испратена до Управата за заштита на културното наследство која издаде одобрение за конзерваторски истражувања.

2. Проект за конзервација на црквата св.Никола, Манастир Слепче - фаза препокривање

Проектот е изработен врз база на сознанијата за состојбата на црквата. Министерството за култура целосно го финансираше овој проект. Изработена е дескриптивна, техичка и фото документација. По доставување на Проектот до Управата за заштита на културното наследство – Скопје, истиот на стручна контрола е испратен во Националниот конзерваторски центар - Скопје, кој формира своја стручна комисија за оценка на Проектот. Комисијата констатира дека проектот не е изработен по методологијата за изработка на конзерваторски проекти, не се извршени конзерваторски истражувања и не го прифати понуденото решение за препокривање. Иако нашата аргументација дека изработката на проектот е започната пред донесувањето на Правилникот за изработка на конзерваторски проекти, Комисијата остана на својот став - проектот да се преработи.

Откако се изврши измени и дополнувања повторно беше испратен до Управата за заштита на културното наследство на второстепена комисија. Поради одредени недоразбирања, Проектот е повторно доставен до Националниот конзерваторски центар – Скопје. Комисијата во истиот состав повторно не го прифаќа решението за препокривање и го враќа за да се извршат измени според нивните согледувања, односно останува на истиот став од првото разгледување на Проектот.

3. Превентивна заштита - препокривање на куќа на ул. "Коча Миленку" бр. 32 во Крушево

Работите на непосредна заштита на куќата на ул. "Коча Миленку" бр. 32 во Крушево, реализирани се врз база на Основниот проект за конзервација - Фаза препокривање. Извршена е стручна контрола од страна на Комисија од Националниот конзерваторски центар - Скопје со позитивна оценка врз база на што од Управата за заштита на културното наследство, Скопје е издадено конзерваторско одобрение. Препокривањето беше реализирано во соработка со ДООЕЛ "Митуља градба" од Крушево во периодот од 09.07. до 17.08.2008 година, откако беше консолидирана кровната конструкција.





4. Конзервација - фаза препокривање на куќа на ул." Нико Доага" бр.52 во Крушево

Извршените работи се реализирани по Основен проект за конзервација - фаза препокривање. Откако е извршена стручна контрола од страна на Комисија од Националниот конзерваторски центар во Скопје, Управата за заштита на културното наследство издаде конзерваторско одобрение. Препокривањето беше реализирано во соработка со ДООЕЛ "Митуља градба" од Крушево во периодот од

18.08 па се до 16.10.2008 година, при што најнапред е извршена консолидација на кровната конструкција, а потоа и препокривање со камени плочи.

Напомена: Реализацијата на овие два проекти е на начин на кофинансирање што всушност значи дека дел од средствата ги доделува Локалната самоуправа, како поддржувач на проктите, дел се од Министерството за култура и дел од сопствениците на куќите за што пред изведбата се потпишуваат договори.





5. Конзервација на црквата, старата трпезарија и магерницата во манастирскиот комплекс Трескавец

Во текот на 2008 година се работеше на дигитализација на подлогите од археолошките истражувања на црквата направени во рамките на Истражувачките работи на архитектурата на црквата, кои претходно беа обработени на традиционален начин. Дигитализирана е архитектонска документација на 7 археолошки сонди во и надвор од црквата со различни нивоа на презентација.

6. Изработка на Проект за конзервација на дел од Маркови Кули-Варош, Прилеп

Пред изработката на проектот како неопходоност се наметна потребата од дигитализација на постоечката документација за овој локалитет, како солидна основа за понатамошно изготвување на конзерваторски проекти, кои ќе следат идните години.

**4. Конзерваторско реставраторски работи на икони, иконостаси и фрески**

1. Продолжување на започнатите истражувачко – конзерваторско - реставраторски работи на иконописниот трезор на манастирот Трескавец- 8 икони.

Список на икони земени за конзервација:

-ск.20667 - Арахангел Михаил
-ск.20671 - Св. Илија
-ск.20672 - Св. Димитрија
-ск.20673 - Исус Христос
-ск.20674 - Св.Георги
-ск.20676 - Св.Кузман и Дамјан
-ск.20677 - Собор на Апостоли
-ск.20678 - Св.Константин и Елена

Стручниот тим се здоби со основните податоци за состојбата на иконите и воедно го констатира видот и обемот на оштетувањата. Врз основа на тие податоци се со цел за различниот вид на оштетувања да се даде соодветна програма за нивно санирање во согласност со методологијата за работа:

- извршена е основната анализа на техниката и состојбата на делата при што се констатирани бројни оштетувања на носачот и боениот слој, додека пак заштитниот слој од лак покажува знаци на деградираност;
- извршени се неопходните физичко - хемиски анализи со цел идентификација на пигментите и заштитниот слој (лакот). По направените проби утврден е и методот за отстранување на дегенерираниот лак без последици за оригиналниот боен слој;
- делата се целосно документирани при што задолжително е изработена фото и техничка документација каде се јасно искажани: состојбата пред почетокот на работата, оштетувањата на заштитниот слој, отпаднатите делови од подлогата и боениот слој и состојбата на носачот.

2. Изработка на конзерваторски проект на два двострани барјаци од иконописниот трезор на манастирот Трескавец.

Конзерваторските истражувања се извршени на :

- ск.20665 - Крштевање Христово и Рождество Богородичино (двострана икона на платно);
- ск.20681 - Воскресение Христово и Вознесение Христово (двострана икона на платно).

После согледувањето на основните податоци за состојбата на иконите заради одредување на соодветна програма за санирање на оштетувањата стручниот тим:

- изврши основна анализа на техниката и состојбата на иконите при што се констатирани бројни механички оштетувања на носачот и боениот слој додека заштитниот слој од лак покажува знаци на деградираност;
- неопходните физичко хемиски анализи извршени се со цел да да се идентификуваат пигментите и заштитниот слој (лакот). По направените

проби утврден е и методот за отстранување на лакот без да има последици за оригиналниот слој;

- изработена е целосна фото и техничка документација каде јасно се искажани: состојбата пред отпочнување на работите, оштетувањата на заштитниот слој, отпаднатите делови од подлогата и боениот слој и искинати и зашиени делови.

3. Конзервација на фрескоживописот од Црквата Св. Никола с. Манастир-Мариово (прва фаза)

Во првата фаза на реализацијата на овој проект се подразбира третирање на механичките оштетувања:

- отстранување на оштетениот конзерваторски кит/малтер и поставување на нов;
- консолидирање и санирање на оштетувањата на основниот и сликарскиот малтер.

Отстранувањето на стариот кит се изведува по механички пат, со употреба на столарски длета и забарски сврдла. Овој процес се изведува крајно внимателно за да не дојде до евентуални оштетувања на живописот во текот на самото работење.

На некои партии за кои се сметаше дека се нестабилни и китот беше одвоен од живописот се лепат фластери од газа со лепило (туткало) врз површините од фиксираниот живопис и по неговото сушење без никакви проблеми се изведува отстранување на стариот кит/малтер. После ова извршено е китирање во две етапи:

- консолидирање на рабовите од оштетувања;
- поставување на пластична мрежа (рабец) за време на китирањето.

Поставување на нов кит

Откако консолидираните партии беа исушени се нанесува нов кит во комбинација со пластичната мрежа во неколку слоеви.

Оваа фаза се работеше во олтарниот дел, во централниот кораб како и во апсидите на страничните бродови, на сите ѕидови во долните зони во јужниот, централниот и северниот брод на наосот.

За следната година се предвидува да се продолжи оваа фаза но во другиот дел од црквата со што ќе се комплетира фазата во целата црква, по што ќе се продолжи со следните фази од конзервацијата на фрескоживописот на овој значаен споменик на културата.





**5. Археологија**

1. Систематски археолошки ископувања на локалитетот "Трештена стена" с. Чаниште, Мариово

Станува збор за продолжување на археолошките истражувања на локалитетот кои се започнати уште во 2001 година. Во текот на 2008 година истражувањата се вршеја на просторот на квадратите 1,4 и 9. За стратиграфскиот изглед на населбата податоци дадоа сите истражени квадрати. Покрај едниот културен слој (со најмалку три хоризонти на живеење) кој беше утврден во претходните години, оваа година евидентирани се два нови хоризонти на живеење. И двата хоризонти се наоѓаат во квадратите 4 и 9.




2. Археолошки истражувања на локалитетот "Баба" кај Прилеп

Со истражувањата во 2008 година се потврди вертикалната стратиграфија и хронолошката припадност на културните слоеви од овој локалитет.Односно се наметна заклучокот дека овој локалитет егзистирал од енеолитскиот преку

доцномакедонскиот во две фази на рановизантискиот период со што се потенцира потребата од понатамошни истражувања.





3. Систематски археолошки истражувања на локалитетот "Стибера" кај с.Чепигово

Со истражувањата во оваа година уште еднаш, како впрочем и во минатите години се потенцира големата важност на овој локалитет.

Оваа година истражен е простор од околу 900м$^2$. Добиени се многу значајни резултати. Имено во просторот западно од хероонот дефиниран е и доистражен масивниот потпорен ѕид. Во просторот кој се протега на север од хероонот, а западно од темеиосот, откриени се делови од потерната и одводен канал. Исто така во овој дел откриени се и остатоци од стопи како дел од арките на темеиосот.

На северната страна од темеиосот отворен е просторот каде во 2007 година, сосема случајно, откриена е мермерна статуа на жена. Овој простор е проширен во правец кон исток.

На оваа локација исто така откриен е и поголем дел од градба која според до сега добиените резултати на извршените анализи и согледувања, претставува јавен објект со култна намена.


Покрај деловите од градби откриени се и: мала статуа на богинката Ника, статуа на младо момче - ефеб, мала статуа на млада жена, три мермерни глави, два поголеми фрагменти од мермерни глави. Пронајдено е и мноштво на фрагменти од

керамички садови, дваесетина фрагментирани садови кои можат да се реконструираат, монети и други ситни движни наоди.

Дел од сите откриени наоди во истражувањата од оваа година припаѓаат на хеленистичкиот и раноримскиот период (II-I век п.н.е.), а поголемиот дел се од II-III век н.е.

Дел од откриената мермерна пластика и керамички материјал веќе се презентирани на Изложбата во Музеј на Македонија-Скопје, отворена кон крајот на 2008 година.





4. Систематски археолошки истражувања на локалитетот св. Преображение, с.Зрзе

Теренските истражувања беа концентрирани на северниот дел од источните падини на бигорната карпа врз која е изграден манастирот со манастирската црква посветена на Св. Преображение, како и на североисточниот сегмент од горното плато на бигорната карпа.

На целиот истражуван простор, а особено во севрениот дел од источните падини на бигорната карпа беше констатиран интензивен слој на градежен шут оформен при големиот број градежни интервенции на манастирскиот комплекс, распространет на овој терен по пат на ерозија од погорните изохипси на карпата што условуваше сериозна подготовка на просторите предвидени за истражување. Истовремено, вертикалниот распоред на истражуваните објекти наметна потреба од парцијално истражување на секое од одделните платоа на бигорната карпа, особено на ниво на интактни културни слоеви.

Издвоените платоа беа теренски сигнирани како одделни сектори, а висинските коти беа одмерувани во однос на помошни репери во рамките на секторите.

Со овогодишните истражувања на локалитеот беа издвоени осум етапи во користењето на овој простор, а во чии рамки беа констатирани одделни фази на користење или градежни интервенции врз објектите.

- Праисторија - Првата етапа на користење на овој простор (енеолит/бронзено време) е потврдена со откриените остатоци од четири праисториски објекти распространети во северниот дел од источната падина на бигорната карпа. Откриен се голем број целосно и фрагментирано сочувани делови од керамички садови, камени и коскени орудија.

- Хеленистичко време - ова е следната со сигурност потврдена фаза од користењето на овој простор и се определува во времето од III в.п.н.е. до I в.н.е. Со оваа етапа е поврзано првото фортифицирање на горното плато до бигорната карпа. Во културните слоеви откриени се голем број целосно и фрагментирано сочувани керамички садови, градежна керамика, орудија, монети и сл.

- Римско време - со ова време се поврзува експлоатацијата на бигорната карпа, собено горните партии од северната половина на источниот дел од карпата.

Од овој период се пространиот мајдан, отсечени делови од бигорот, рударски алатки и сл. Како последица од интензивната експлоатација на бигорот, оформени се пространи платоа со јасно профилирани вертикални ѕидови. Пронајдена е садова и градежна керамика, орудија, монети и сл. Егзистенцијата на мајданот според пронајдоците се детерминира од средината на II до втората половина на V век.


- Доцната антика - во овој период врз остатоците од напуштениот мајдан се градат објектите од подградието на доцноантичката населба, распространета врз горното плато и северните, источните и јужните падини на бигорната карпа. Така, оваа година се откриени остатоци од с-и сегмент од бедемот на акрополата на оваа населба како и делови од долните партии на објекти од источното неоградено подградие на населбата, изградена непосредно врз остатоците од римскиот мајдан. Оваа фаза се датира од последните децении на V до средината на VI век. Со оваа фаза по се изгледа треба да се поврзат остатоците од ранохристијанската црква, лоцирана северно од акрополата на доцноантичката населба.

- Во втората половина на IX век врз зарамнетите површини на римскиот мајдан, природните платоа и пештерите во бигорната карпа се оформува пространа монашка населба. Во овие културни слоеви откриени се голем број целосно и фрагментирано сочувани керамички садови, кои според типолошките особености констатирани кај синхроните керамички наоди од Балканскиот Полуостров со сигурност можат да се датираат во времето на втората половина на IX до крајот на XI и почетокот на XII век. Во оваа прва фаза се укажува на фактот дека монашката населба го зафаќала во целост северниот сегмент од источните падини на бигорната карпа. Монашките ќелии се распространети во шест нивоа (спратови). Откриените наоди во кутурните слоеви поврзани со оваа фаза, укажуваат дека монашките ќелии биле покриени со тенки сивосини камени плочи.

- Следна етапа на користење на овој терен е втората фаза на монашката населба датирана во времето од раниот XII до средината на XIV век според стратиграфските согледувања и типолошките особености на откриените наоди. Овој сегмет од монашката населба го сочинуваат пештерна црква со пространа егзонартекс на исток чиј клучен дел го сочинува трпезаријата на север како и ѕидан параклис распорстранет на горната тераса, јужно од пештерната црква. Најзабележителен градежен елемент на втората фаза од монашката населба се подовите изведени од сивосини камени плочи поставени врз земјена подлога.

- Третата фаза на монашкиот комплекс е јасно дефинирана со изградба на црква во источниот дел од горното плато на бигорната карпа, реорганизација на пештерната црква и нејзино исликување во фреско техника, преобликување на егзонартексот, исликување на параклисот и др. Ова фаза на монашкиот комплекс со сигурност може да се датира во времето од средината на XIV до крајот на XV век.

- Последната етапа од користењето на овој простор широко може да се датира во отоманскиот период, со тоа што најзабележителни траги од овој период се поврзуваат со комплексните градежни зафати во XIX век. Имено со овие градежни зафати во најголема мера може да се поврзе темелното преобликување на манастирската целина распространета врз горното плато од бигорната карпа, но и целосното негирање на монашкиот комплекс лоциран на источните падини од карпата. За оваа фаза постојат и детални пишани факти, во голема мера потврдени и со резулатите од овогодинашните систематски археолошки истражувања на локалитетот Св.Преображение, с.Зрзе.





5. Систематски археолошки истражувања на културниот комплекс Трескавец, Дабница.

Теренските истражувања беа концентрирани на локалитетот Клепало, распространет во северниот дел од културниот комплекс, северозападно од манастирот со манастирската црква посветена на Успение Богородичино.

Како резултат на овогодишните систематски истражувања на локалитетот Клепало се констатирани пет основни етапи во користењето на овој терен.

- хронолошки најстарите наоди (фрагменти од садова керамика, орудија и сл) откривани се во пореметени културни слоеви, распоредени на овој простор како резултат на ерозија на земјиштето од горните платоа на исток од локалитетот. Имено во горниот слој откриени се голем број на фрагменти од праисториска садова керамика како и единечни наоди на орудија, кои, според технолошките особености широко може да се датираат во енеолит и бронзено време.

- втората етапа на користење на овој дел од културниот комплекс е потврдена со откриени остатоци од градба: темели и долни делови од ѕидови, откриени се и

голем број фрагменти од садова и градежна керамика, орудија и сл. кои според типолошките особености можат да се датираат во времето од III в.п.н.е. до I век од н.е.

- вториот јасно дефиниран културен слој се поврзува со доцната антика IV-VI век. На хронологијата на оваа етапа јасно упатуваат откриените фрагменти од садова и градежна керамика со типични доцноантички карактеристики.

- квантитативно најзастапената културна целина на овој локалитет потекнува од средновековието, и тоа попрецизно од доцниот среден век (XIII-XIV), потврдена со голем број фрагменти од садова и градежна керамика, орудија и сл.

- Последната етапа од користењето на овој простор широко може да се поврзе со отоманскиот период и тоа во најмладите фази од оваа епоха, потврдени со остатоци од градежни објекти изведени од необработени и приделкани камења поврзани со кал, како и фрагменти од садова и градежна керамика, алатки и др.

**6. Соработка со други институции во реализација на нивните проекти**

НУ Завод и Музеј - Прилеп и Филозофски факултет, Институт за историја на уметност и археологија – Скопје.

Врз основа на Договорот потпишан помеѓу овие две Институции (бр. 03-409/1 од 15.09.2008 г.) се реализираше проектот:

1. Археолошки истражувања на локалитетот "Павла Чука" с. Старо Бонче.

Во реализацијата на овој проект учествуваа стручни лица од НУ Завод и Музеј - Прилеп.

Во 2007 година започната е кампања на овој локалитет под раководство на Проф. д-р Виктор Лилчиќ со цел да истражи и документира уникатната гробница која уште 1936 година ја открил Никола Вулиќ.

Засводениот дромос кој е единственото забележливо нешто кое се гледа на теренот е изграден од монументални камени блокови со димезии поголеми од 1м. во должина и со ширина од околу 60 см. Должината на засведениот дромос е околу 11 м.

Изгледот на комората не бил видлив поради насипаната земја врз неа.

При самото започнување на истражувањата, западно од влезот на гробницата откриени се неколку камени блокови, слични по големина како и блоковите од дромосот. Овие блокови образуваа ѕид. Со понатамошниот тек на работата се забележува дека ѕидот не се движи во правец и-з, туку дека ја заобиколува самата гробница.

Станува збор за ѕид кој е изработен од убаво обработени монументални камени блокови кои се поставени во два реда со висина од 1 - 1,2 м. Откриени се околу 17 м. од ѕидот и тоа мерено од самиот влез на гробницата.

Источно од влезот во гробницата отворена е втора сонда. На простор од оваа сонда откриени се повеќе камени блокови, не во некој редослед поставени, туку растурени. На околу 2м. од гробницата, северно од овие растурени камени блокови, откриени се неколку блокови кои биле дел од ѕидот кој во вид на прстен најверојатно се спојува со ѕидот бр.1 и на тој начин ја затвора целата гробница. Овој ѕид, за разлика од ѕидот бр. 1 има три реда блокови.

Најдолниот ред е изработен од хоризонтално поставени камени блокови со големина иста како блоковите од ѕидот 1.

Вториот ред се состои од вертикално поставени камени блокови, со иста големина како и првиот ред, а додека третиот ред повторно е поставен хоризонтално.

Третиот ред блокови гледано од внатрешноста, се необработени што зборува за тоа дека само предната страна на периметралниот ѕид била видлива додека останатиот, внатрешен дел бил насипан со земја.

При истражувањата во 2007 година на западната страна од влезот во гробницата биле откриени три, а на источната страна од влезот откриени се четири гроба.

Овие четири гроба за разлика од другите, се гробни конструкции - цисти. Овие гробови се поставени помеѓу растурените камени блокови и според тоа, а и поставеноста на еден од гробовите во самиот ѕид укажува на фактот дека гробницата била разградувана уште во антиката. Истото може да се каже дека се однесува и на растурените камени блокови од источната страна од влезот.

Гробовите се со мали димензии, односно се детски. Остеолошкиот материјал е многу слабо сочуван поради квалитетот на почвата .

Со продолжувањето на истражувањето оваа година на источната страна од гробницата треба да се доистражи периметралниот ѕид кој на места се губи т.е. бил разграден во изминатиот период.

Ѕидот продолжува на север, но само со првиот ред, во основата, но сепак доволно за да се утврди дијаметарот кој изнесува околу 30 м.

Истражен е и влезот пред засведениот дромос. Изработен е од природната карпа обработена за таа намена.

Истражувањата кои се вршени во самата комора на гробницата, откриј помали камени блокови но добро обработени. Комората во целост е изработена од блокови со слични димензии од околу 60 см. должина.

Самата комора има должина од 6м. во правецот с-ј и ширина од 3,50м. во насока и-з.

Од движен материјал најзастапени се фрагменти од садова керамика.

Поинтересен наод е врвот од копје од типот сариса, пронајден на западната страна од влезот на гробницата на обработената карпа. Изработен е од железо и целосно е зачуван.



**II. Музејска дејност**

1. Стална археолошка поставка во НУ Завод и Музеј - Прилеп

Во рамките на програмата за музејска дејност за постојаната археолошка поставка, Министерството за култура на Република Македонија, за оваа година додели средства во висина од 500000 денари.

За реализација на овој проект во текот на ова година превземени се повеќе активности и набавки на материјали и тоа:

- застаклување на sидните витрини;
- изработени се 6 мали самостоечки витрини за предмети од особено значење;
- изработена е самостоечка витрина за макета;
- за презентација на архелошкиот материјал од праисториското одделение одвоени се 323 експонати;
- во витрините е поместен и материјалот од античкото одделение;
-средновековниот материјал е презентиран само делумно поради безбедносни причини;
-изработени се 150 фотографии на ситни предмети и монети;
-изработени се три решенија во форма на шпигл за постери поставени на sидните површини;
-поставен е систем за видео надзор;
-изработена е специјална безбедносна влезна врата во салата.

2. Иконописот во Прилеп и прилепско - трета фаза

Во рамките на Проектот беа посетени дваесетина цркви и манастири, при што беа стручно обработени преку двеста икони. Обработката на иконите подразбира дескрипција и фото документација. Целта на овој проект е да се прикаже развојот на иконописното сликарство во прилепско, а со тоа и во Македонија, да се предочи различноста помеѓу источното и западното

презентирање на религијата. Исто така со овој проект ќе се дефинира застапеноста на некои иконописци на оваа територија.

Во Прилеп и прилепско евидентирани се преку 2100 икони како споменик на културата, додека пак другите икони го надминува бројот од 4000 икони. На оваа територија твореле познати мајстори како Дичо Зограф, Адамче Најдов, Коста Атанасов, Јован Атанасов, браќата Константинови, браќата Андонови и многу други, чии творби се цел на нашите проучувања.

Со оваа реализација на проектот завршува всушност третата фаза од предвидените четири фази. Последната, четвртата фаза фсушност е фазата со која сиот овој труд за евидентирање на иконите финално би се претворил во објавен стручен труд.

Во рамките на проектот беа посетени следните цркви и села:

-Црква Св.Богородица, с. Мажучиште;

-Црква Св.Богородица, с. Горно Село;

-Црква Св.Атанасие, с.Секирци;

-Црква Св.Ѓорѓи, с. Дупјачани;

-Црква Св.Никола, с.Небрегово;

-Црква Св.Никола, с. Стровија;

-Црква Св.Илија, с.Долгаец;

-Црква Св.Спас, с.Долнени;

-Црква Св.Никола, с. Зрзе;

-Црква Св.Богородица, с.Костинци;

-Црква Св.Никола, с. Кошино;

-Црква Св.Богородица, с. Маргари;

-Црква Св.Никола, с.Браилово;

-Црква Св.Ѓорѓи, с.Новоселани;

-Црква Св.Атанасие, с. Рилево;

-Црква Св.Тројца, с. Ропотово;

-Црква Св.Атанасие, с. Сенокос;

-Црква Св.Атанасие Александриски, с. Заполжани;

-Црква Св.Ѓорѓи, с. Слепче;

-Манастир Св.Спас, с. Зрзе;

-Манастир Св. Никола, с. Слепче.


Пресвета Богородице
Спаси нас





3. Музеите во училиштата или училиштата во музеите

Основната поента на проектот се состои во сензибилизација на училишниот персонал за социјалните обичаи и совладувањето методологии за работа со децата во училишниот систем, исполнета е преку работилницата за обука на наставници, со наслов "Училишни методи за имплементација на едукација за социјална и духовна култура". На обуката присуствуваа по двајца претставници од сите основни училишта во градот, претставник на Бирото за развој на образованието, претставници на Локалната самоуправа и Советникот за образование на Општина Прилеп. Обуката беше подготвена од координаторот на проектот и стручни консултанти - социолог и педагог. Обуката беше профилирана градејќи на искуството од предходните две години - во имплементација од областа на социјалната култура и музејската педагогија. Обуката, вежбите како и наставните курикулуми беа изготвени во форма на прирачник и предадени на тренираната група, како и ЦД верзија на истата, која треба да послужи во непосредната настава во училиштата.

Во рамките на проектот реализирани се следните активности:

-информирање на сите основни и средни училишта во Прилеп, за овогодишната фаза на проектот;

-мали работилници за осмислување на методологии, кои треба да се истражат и опишат;

-креирање консултантско - раководен тим и договарање на начинот и обемот на работа;

-креирање обука за наставници;

-креирање описи на вежби и методолошка позадина на методите;

-креирање на електронска презентација за училишна едукација;

-умножување на ЦД-иња за наставниците;

-печатење репрезентативен материјал;

-дискусионен процес со Биро за развој на образование и Локална самоуправа за потребите на Локалната самоуправа, училишниот систем и нашиот проект;

-работилници за едукација на наставници и професори;

-аплицирање со проект до локалната самоуправа за финансирање - за идната година;

-креирање збирна информација и нејзино испраќање до Бирото за развој на образованието;

-креирање на завршни извештаи, умножување на електронски материјали заради испраќање во Бирото за развој на образованието и тестирање на материјали.



**III. Реконструкција на објекти**

1. Препокривање на западниот конак од манастирскиот комплекс Св. Арахангел Михаил во Варош, Прилеп

Преземени се активности за препокривање односно замена на т.н. турска ќерамида што е причина за оштетувањата на кровната конструкција поради што е загрозен целиот објект.

Направено е препокривање со ќерамида од типот полумедитеран на површина од 570 м$^2$ , а истовремено е извршена и замена на кровната конструкција.

Заменети се и дрвени столбови и греди од трпезаријата на манастирот поради оштетеност од црвојаднина.



2. Тековно одржување - санациони зафати врз објектот Меморијален музеј "Кузман Јосифовски - Питу", Прилеп

Проектот е целосно реализиран при што, извршена е замена на комплетната дрвена дограма во објектот и влезната порта, со нова дограма. Комплетно е молерисан објектот во внатрешноста и надвор и обновено е осветлувањето надвор и во самиот објект.

**IV. Одделение за документација (ИНДОК центар)**

Во ИНДОК центарот, Одделение за документација се врши евиденција на целокупниот музејски материјал што го поседува НУ Завод и Музеј - Прилеп. За таа цел во текот на 2008 година во:

-влезната книга евидентирани се 96 музејски предмети;

-излезната книга евидентирани се 42 музејски предмети.

Во текот на оваа година со доделените средства од Министерството за култура, за потребите на центарот, набавени се 3 метални ормани за депонирање на документацијата (досиеата) на спомениците на културата.

За потребите на специјалната библиотека изработени се три дупли библиотекарски витрини.

**V. Педагошко водичка служба**

Педагошко водичката служба како редовна активност на НУ Завод и Музеј – Прилеп се изведува во објектите кои се во негова надлежност и тоа:

-Меморијален музеј "Кузман Јосифоски-Питу";

-Меморијален музеј "11 Октомври 1941";

-Паркот на револуцијата;

-Галеријата на икони;

-Спомен дом “Блаже Конески”, с. Небрегово;

-Музеј за тутун.

Покрај во наведените објекти оваа дејност се извршуваше и при посетата на спомениците на културата во Прилеп и прилепско. Важно е да се напомене дека

секоја посета беше збогатена со одржување на историски часови или презентација на секоја од поставките кои ги има во музејот. Особено треба да се истакне редовната посетеност од страна на учениците од основните и средните училишта, како и голем број туристи од земјава и странство.

Оваа година поради законските обврски при готовински плаќања набавена е и фискална каса.

Исто така со цел подобра презентација на културното наследство од нашиот крај изработен е и рекламен материјал кој се состои од: подметачи, букмаркери, разгледници и хармоника разгледница, со мотиви од археолошките локалитети на територијата на Прилеп како и предмети од нашите депоа.

Преглед на посетители по објекти:

-Меморијален музеј "Кузман Јосифоски-Питу" - 800,
-Меморијален музеј "11 Октомври 1941" - 3900,
-Паркот на Револуцијата - 900,
-Галерија на икони - 700,
-Спомен домот на Блаже Конески во с. Небрегово - 1289,
-Музеј за тутун - 677.

Во сите објекти имало посета од вкупно 8266 домашни и странски посетители.

**VI. Извршени увиди**

Оваа година извршени се повеќе увиди на состојби на спомениците на културата, цркви, манастири и археолошки локалитети. Увидите се вршени на барање на приватни лица, Локалната самоуправа, СВР-Прилеп и по укажувања на граѓани. Овие увиди се вршени на територијата на Прилеп и во неговата околина.

Наши стручни екипи извршија увид на следните локации:

- Увид при случаен наод на приватен имот на ул. “Александар Македонски” бр.10 а, Прилеп;

- Локација на старата автобуска станица при ископ за изградба на катна гаража;

- Манастирски комплекс "Св. Илија" с. Дрен - случаен наод;

- Црква Св.Благовештение, Прилеп - увид во состојбата на иконостасот;

- Непознат локалитет кај превојот Дервен – Прилеп - случаен наод
- СВР Битола - стручен увид на движен археолошки материјал;
- Село Пешталево - на барање на селаните;
- Село Топлица - на барање на група граѓани;
- Ул. "Лазо Попоски", бр.18, Прилеп - реновирање на дуќан во старата чаршија спротивно на основниот проект;
- Ул. "Борка талески", бр.29, Прилеп - реновирање на дуќан во старата чаршија без конзерваторско одобрение;
- Ул. "Борка талески", бр.11, Прилеп - реновирање на дуќан во старата чаршија без конзерваторско одобрение;
- Црква Св.Атанас, с. Галичани - утврдување состојба на фрескоживописот;
- Саат Кула, Прилеп - Увид после експлозиите во Р. Албанија;
- Чарши Џамија, Прилеп;
- Превој Плетвар - траса на новата коловозна лента, случаен наод;
- Турска бања – амам, Прилеп;
- Саат Кула - кражба на лим од чешмата покрај кулата.

## VII. Заеднички служби

### Специјална Библиотека

Во 2008 година како и секоја година, во библиотеката на НУ Завод и Музеј – Прилеп се набавува и стручно се обработува од страна на библиотекарот новата литература. До истата се доаѓа по пат на претплата, размена или подарок. Во текот на 2008 година ново набавени се 79 книги, 63 списанија и 2 речници и при тоа изготвени се 82 каталожни картончиња на книгите и 250 каталожни картончиња на списанијата. По пат на размена испратени се 20 книги во издание на НУ Завод и Музеј – Прилеп до други музеи, заводи и други установи во земјата и странство со кои библиотеката остварува соработка по пат на размена.

Освен досегашното картотечно водење на библиотеката, изготвена е програма со која компјутерски се обработуваат книгите по области, по периоди, по автори или по друг основ, односно воведена е автоматизација во секојдневното работење и пребарување како најважен аспект на библиотечното работење. Со

осовременувањето во библиотечното работење, дигитализиран е дел од библиотечниот фонд на нашата установа и оваа обработка продолжува и во наредниот период.

Покрај тоа за потребите на вработените вршени се и други работи и работни задачи како:

- пишување на текстови, писма, извештаи и друго;
- компјутерска обработка на податоци и слично;
- подготовка на книги, каталози, покани и слично;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на библиотеката.

**Фотолабораторија**

Последниве години во НУ Завод и Музеј – Прилеп се практикува за секој проект да се изработува фотодокументација и посебно видео документација што секако е нешто ново во однос на предходните години. За потребите на стручните лица вршени се следните работи и работни задачи:

- изработка на фото документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на видео документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на фото и видео документација на изложбите и промоциите;
- изготвување на покани и каталози за изложбите и промоциите;
- учество при увид на стручна екипа;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на фотолабораторијата.

**Архива и Народна Одбрана**

Согласно Законот за архивска граѓа и уредбата за канцелариско и архивско работење во текот на 2008 година беше изготвен план на архивски знаци за распоредување на актите за 2008 година на НУ Завод и Музеј - Прилеп за што добивме согласност од Архив на Македонија ПО–Прилеп. Раководејќи се по планот

беше водена архивата и деловодниот протокол. Во рамките на архивата водени се уредно сите потребни книги на нашата институција.

Во рамките на одбраната вршени се сите неопходни работи. Постојано од страна на лица од Министерството за одбрана ПО Прилеп сме посетувани и целосно ги применуваме нивните препораки.

**Финансиско книговодствена служба**

Во рамките на оваа служба во оваа година се обавуваа следните работи:

- книжење на материјалните и финансиски документи ;
- изготвување на завршни сметки;
- изготвување на временски извештаи, планови и слично;
- редовно доставување на статистички и други извештаи;
- извршување на вирманска исплата;
- фактурирање извршени услуги;
- извршување на други работи и работни задачи што произлегуваат од природата на оваа служба.

**Директор**
**на НУ Завод и Музеј - Прилеп**
**Гордана Данилоска Спироска**